# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 24.1.2020 год.<br>Скопје<br>Број 2 год. XV | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

Одлука за давање согласност на Измените и дополнувањата на
Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје
во 2020 година, со Решение за објавување ........................................ 1 - 2

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година и на 23.1.2020 година.

Бр. 09-470/3
23.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година и на 23.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година.

**Член 2**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ги донесе Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Секторот за финансиски прашања се задолжува во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година да предвиди средства за реализација на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2020 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-470/2
23.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.